European Commission

# Digital Opportunity

## TRAINEESHIPS

Подобрување на дигиталните вештини на работното место

Supported by **Horizon 2020**

Powered by **Erasmus+**

*Digital Skills and Jobs Coalition*

# Развијте ги вашите дигитални вештини преку обука на работното место во странство!

Дали знаевте дека има повеќе од 350.000 слободни работни места за дигитални професионалци во Европа денес?

Ако сте студент или сте дипломирале неодамна, **иницијативата Digital Opportunity Traineeships** финансирана од ЕУ е вашата можност да ги развиете дигиталните вештини со практикантска обука во странство. Студенти од сите гранки може да аплицираат за Digital Opportunity Traineeships преку својот универзитет.

## Што добиваат студентите од ова?

Многу! Учесниците ќе научат и ќе ги развијат своите дигитални вештини преку обука и пракса на работното место, од развивање апликации па сè до вештачка интелигенција. Ова се изведува преку добивање работно место во странски компании, од сите сектори на економијата. Учесниците ќе добиваат и надокнада од околу 500 € месечно. Особено се охрабруваат жените да аплицираат бидејќи ги има во помал број во STEM-кариерите во моментов.

## Што добиваат компаниите од ова?

Ќе имате можност да ја обучите следната генерација на работна сила! Многу бизниси немаат време самите да организираат програми за практиканство. Оваа иницијатива за практиканство може да им помогне на компаниите да решат битни недостатоци на вештини и да добијат значаен увид од младите работници.

Компаниите може да ги објавуваат нивните понуди на платформите Drop'pin@EURES или ErasmusIntern или да ги рекламираат преку директен контакт со универзитетските центри за кариера.

6.000 практиканти во периодот 2018 – 2020 година ќе имаат можност да учествуваат во иницијативата Digital Opportunity Traineeships, која што е финансирана од Horizon 2020 а применета преку многу успешната Erasmus+ програма на Европската комисија,.

- **http://bit.ly/DigitalOpportunities**
- **https://ec.europa.eu/eures/public/opportunities**
- **https://erasmusintern.org/**
- **https://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/opportunities_en**

**@DigitalSkillsEU** **@DigitalSkillsEU**

**#DigitalTraineeEU**

**#DigitalSkills**

Publications Office